**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Градоначалникот на Општина Македонски Брод, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр 50/02), а согласно член 124 став 1 и член 126 став 1 од Законот за животна средина (“Службен весник на Р.М” бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09, 48/10,124/10 ,51/11,123/12, 93/13 183/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15 и 39/16), решавајќи по Барањето за издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола поднесено од “Хаби Градба” Дооел , заведено под бр. УП1.17 – 559 од 10.06.2016 год, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **Се издава** Б- интегрирана еколошка дозвола бр. Уп1.17-559 на операторот “Хаби Градба” Дооел с.Дебреште, Долнени – подружница “Хаби Градба” каменолом “Доли Рид” с.Суводол - Македонски Брод

2. Операторот на инсталацијата потребно е да ги исполни сите барања од Б- интегрираната еколошка дозвола во определениот рок. Дека барањата се исполнети во целост потребно е да достави писмено известување заверено од страна на лицето задолжено за спроведување на обврските од Дозволата.

3. Исполнувањето на барањата утврдени во Б- интегрираната еколошка дозвола бр.Уп1.17- 559/17 од 23.03.2017 ги утврдува надлежниот орган преку увид во инсталацијата и нејзината работа, за што издава Решение.

4. Б – интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во еден дневен весник , во рок од петнаесет (15) дена од денот на издавањето.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**6**. Дооел “Хаби Градба”с.Дебреште,Долнени, – подружница “Хаби Градба” каменолом “Долги Рид”с.Суводол,Македонски Брод на ден 10.06.2016 год поднесе Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.УП1.17 -559.
Барањето е достапно за јавноста на веб страната на општината и е објавено во дневен весник на Р.Македонија на 09.11.2016 година.

**7**. На ден 17.11.2016 год направена е посета на локацијата на која се наоѓа инсталацијата со цел проверка на податоците содржани во Барањето и дополнетите прилози кон истото. Составен е Записник бр. Уп1.17-559 со кој се потврдуваат податоците содржани во Барањето и дополнетите прилози кон истото.
Увидено е дека операторот извршува подготвителни работи на откопното поле во насока на создавање на услови за безбедно и економски исплаталиво работење.

**8**.Изготвена е Нацрт – Б-интегрирана еколошка дозвола и истата е достапна на заинтересиранатa јавност на веб- страната www.mbrod.gov.mk, во просториите на општината како и доставена е до операторот на инсталацијата.
Во предвидениот рок не беа доставени забелешки од засегнатите страни како и од страна на операторот на инсталацијата.

**9**.По завршување на постапките, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесе Решение за издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола заведено под бр. УП1. 17-559
Б – интегрираната еколошка дозвола е достапна за јавноста на веб страната www.mbrod.gov.mk, во просториите на Општина Македонски Брод секој работен ден од 08,30 – 16,30 часот .
Во рок од 15 дена од денот на издавањето ќе биде објавена во дневен весник достапен на цела територија на Република Македонија .
Објавата во деневен весник е на трошок на барателот на дозволата.

**10**.Постапката за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола по барање на носителот на дозволата или по службена должност ќе се спроведе согласно член 11 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола (“Сл весник на Р.М” бр 112/14 и 42/16)

**11**.Постапката за целосен или делумен пренос на Б- интегрираната еколошка дозвола ќе се спроведе согласно член 12 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола (“Сл весник на Р.М” бр 112/14 и 42/16)

12. Согласно член 13, барањето за целосен или делумен престанок на дозволата да се достави во образец даден во Прилог 3 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола ("Сл весник на Р.М" бр 112/14 и 42/16)

13.Условите што треба да ги исполни операторот за да престане со активноста на инсталацијата се дадени во член 14 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола ("Сл весник на Р.М" бр 112/14 и 42/16)

14.Одземањето на Б-интегрираната еколошка дозвола ќе настане доколку се исполни барам еден од условите определен со член 15 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола ("Сл весник на Р.М" бр 112/14 и 42/16)

15. Престанок на Б-интегрираната еколошка дозвола ќе настане доколку се исполни барам еден од условите определен со член 16 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола ("Сл весник на Р.М" бр 112/14 и 42/16)

**Упатство за правно средство**: Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина ("Службен весник на Р.М" бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09, 48/10,124/10,51/11,123/12, 93/13 183/13,42/14, 44/15,129/15, 192/15 и 39/16) ,
против ова Решение
може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Решението.
Жалбата подлежи на административна такса во износ од 200 денари.

Решено во Општина Македонски Брод, Градоначалник на Општина Македонски Брод на датум 23.03.2017 година, архивски бр .Уп1 17-559 од 23.03.2017 година.

доставено до:
- "Хаби Градба " Дооел с.Сувидол ,Македонски Брод
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Овластен инспектор за животна средина
- Архива

Изготвил
М-р Ирена Мишкоа
Контролирал
Зоран Новески

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**
**МИЛОСИМ ВОЈНЕСКИ**